**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Осумдесет и прва седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот на Владата на Република Македонија, господин Никола Груевски, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија, господин Киро Глигоров, претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, земниците претседатели на Владата на Република Македонија, министрите во Владата на Република Македонија, гувернерот на Народна банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, поранешните претседатели на Собранието на Република Македонија, претседателот на МАНУ, поглаварот на Македонската православна црква, реиссулејман на Исламската заедница во Република Македонија, скопскиот бискуп и апостолски егзарх на Католичката црква во Република Македонија, проповедникот на Евангелско-методистичката црква во Република Македонија, претседателот на Еврејската заедница на Република Македонија, Државниот правобранител на Република Македонија, градоначалникот на Град Скопје, претседателот на ДИК, шефовирте на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Ми претставува особоено задоволство што денес меѓу нас е господин Жозе Лело, претседател на Парламентарното собрание на НАТО и поранешен член на Владата на Република Португалија.

(Аплауз)

Почиутуван господине Лело, вие сте и кај нас добропознати како силен подржувач на политиката на отворени врати за што побрз прием на земјите аспиранти за членство во НАТО. Посебно го почитуваме вашиот придонес во подршката на делегацијата на Собранието на Република Македонија во НАТО парламентот, како и на другите национални делегации во напорите за подготовка на нивните држави за членство во НАТО.

Во оваа прилика би сакал да ја искажам благодарноста за подршката што континуирано ја добиваме од палраментарното Собрание на НАТО и што јасно беше изразено на последната седница одржана во Рејкјавик каде што парламентарното Собрани на НАТО усвои резолуција за подршка на трите земји на Јадранската група, аспиранти за членство во НАТО. Тоа нас дополнително не охрабрува во забрзувањето на реализацијата на реформските процеси и приоритетните задачи поврзани со исполнувањето на НАТО-стандардите при следното проширување на Алијансата.

Со големо задоволство, заради големиот личен придонес во развојот на односите меѓу Собранието на Република Македонија и парламентарното Собрание на НАТО, изразувам благодарност и кон господин Сајмон Лан кој повеќе од 10 години ја извршува функцијата на гленерален секретар на парламентарното Собрание на НАТО, а чиј мандат истекува до крајот на годината.

Повелете господине Лело.

(Аплауз)

**Хозе Лело:** Почитуван, претседателе Георгиевски, почитувани пратеници,

Ми претставува задовлство да сум со вас денес овде во Македонија.

(Аплауз)

Господине претседавач на Парламентот, ваши екселенции, господине претседателе, господине премиер, екселенции и членови на Македонсиот парламент.

Ви благодарам што ме поканивте денес да ви се обратам во својство на претседател на Парламентарното Собрание на НАТО. Тоа е чест и привилегија.

Нашето Собрание има долга и плодна соработка со овој Парламент, уште откако станавте асоцијативна членка во 1993 година.

Вашата делегација редовно и активно учествува во Собранието осигурувајќи дека грижите и перспективите на вашата земја не се заборавени. Голем број од нас се сеќава на серијата на семинари на крајот на 90-тите години, што беа одржани на брегот на Охридското езеро и беа организирани во соработка со овој Парламент. Охридските семинари, како што беа подоцна познати, им дозволија на нашите членови директно да го видат важниот развој тука во регионот, во текот на овој критичен период. Во овој контекст би сакал да ја признам улогата на вашиот тековен амбасадор во НАТО, господинот Нано Ружин, кој како член на Собранието во тоа време, ги иницираше Охридските семинари. Жал ми е што тој си замина од нашите редови, да влезе во дипломатијата, меѓутоа знам и дека тој во неговата тековна позиција тој продолжува да врши инзвонредна работа за вашата земја.

Собранието на НАТО, како што знаете дава еден единствен форум во кој законодавците на алијансата можат да се сретнат на редовна основа и да разговараат за клучните одбранбени и безбедносни прашања.

Сигурен сум дека во оваа сала постои потреба да се потенцира централната улога што ја играат сите парламенти на нашите држави, во развојот на нашите одбранбено-безбедноски политики.

Ставањето на НАТО силите во кризните области и конфликтните области како што се Косово или Авганистан, дава дополнително значење на нашите одговорности за надзор и авторизација. Исто така, уште поважна ја прави нашата улога во ширењето, во објаснувањето на нашите гласачи, зошто од нашите вооружени сили се бара да ги ставаат нивните животи на ризик. Учеството во Собранието не е ограничено на 26-те полноправни членки на алијансата. Сега вклучува и делегација од широк опег на земји. Некој сакаат НАТО членство, како што е случај со вас и вашите партенри од Јадранската повелба. Другите се само заинтересирани за корисат од кооперативното партнерство, другите сакаат да дознаат повеќе за природата и функционирањето на алијансата, пред да одлучат за вредноста на поблиското здружување. Нашето Собрание поради тоа мора дас одговора на многу широк опсег на законодавни интереси и барања и како резултат на тоа, тоа стана повеќе од еден форум за информирање. Сега е една рамка во која законодавците можат да ги разменат своите искуства и знаење за вклучувањето на парламентите во безбедносната политика да биде поефективна. Вашата делегација исто така има и придонесено и добиено од овој процес.

Господине претседателе, мојата посета доаѓа во едно време кое е навистина важно за оваа земја и за целиот регион. Вашата земја е една од трите земји кои активно се разгледуваат за членство во НАТО, еден развој што ние во Собранието веруваме дека ќе ја зајакне стабилноста и безбедноста во регионот. Ние сепак навистина сме длабоко загрижени со развојот на настаните на Косово и други места кои можат да го поткопаат прогресот во регионот.

Кога зборувам за прашањето на членството во НАТО, би сакал пред се да ја искористам оваа можност, да дадам почит на огромниот прогрес што оваа змеја го има направено после Декларацијата за независност во 1991 година.

Премногу често ние ги заборавам условите под кои станавме независни, распадот на Југославија и голем број на конфликти. Во тоа време голем број на земји се плашеа за вашето преживување, преживување на едно мало но поделено население, една слаба економија и многу кревко соседство. И покрај овие стравови вие успеавте да ги избегнете конфликтите кои се наоѓаа околу вашите граници. Но, постепено под водството на претседателот Глигоров успеавте да продолжите по патот на повраток. Тоа даде одредени резултати, но тогаш се појави уште една криза која имаше огромни последици врз вашата економија и врз вашата кохезија. Но, повторно успеавте да ги апсорбирате сите притисоци кои беа извршени врз вас и успеавте да се опоравите, надминуваајќи ја кризата во 2001 година, со медијацијата и директната помош на НАТО и Европската унија. Охридскиот договор кој резултираше од тоа потврди дека мултиетничкиот карактер на вашата земја ја постави рамката за хармонични односи помеѓу двете главни заедници. Прогресот кој го имате направено и пречките кои ги имате надминато одат во прилог на заложбата, трпението на вашето водство и вашето општество. Тој период и припаѓа на историјата. За разлика од остатокот на регионот, тој е еден дел од историјата на кој можете да гледате со задоволство.

Сега процесот на интеграција во алијансата и во европските структури тече. За нас тоа што е важно е тоа што вие активно се подготвувате за членство во НАТО.

Ние не знаеме што нашите 26 влади ќе одлучат следната година во април, во Букурешт, но знаеме дека вашата Влада, заедно со вашите два јадрански партнери, има направено навистина добар прогрес во неколку области од вашите планови и активнсти за членство. Реформите на вашите одбранбени и безбдносни сектори течат добро и сите вие правите важни придонеси кон тековните операции на НАТО.

Како што видовме од минатите фази на зголемувањето, најдобриот начин за подготвување за членство во НАТО е да се работи како членка со преземање на одговорностите што ги наметнува членството. Вашата волја да дадете ваши сили во Косово, во Авганистан и во Ирак и логистичката подршка што е дадена на КФОР, навистина се цени од страна на НАТО алијансата. Лично знам дека Алијансата смета на вас да играте одговорна, модераторска улога во тековната криза, во поглед на статусот на Косово, за што ќе зборувам подоцна. И покрај овој навистина значаен прогрес, се уште треба да се заврши работа. Како што службениците на Алијансата постојано зборуваат, членството во НАТО се заснова на работење, на перфоманси. Терминот перфоманси не се однесува само на реформите во одбраната и придонесите во вооружените сили, иако тие се многу важни, туку и во поглед на областите кои ја одразуваат самата природа на општеството кое сака да се придружи кон Алијансата. Земјите и општествата во тие земји се здружуваат во НАТО, а не само вооружените сили и Министерството за одбрана.

НАТО, пред се е еден сујуз на земји кои ги споделуваат истите демократски вредности. Поради оваа причина, ние сме заинтересирани за тие области кои се од клучно значење за доброто владење како што е владеење на правото, правото на малцинствата и потребата за борба против корупцијата и организираниот криминал.

Понекогаш се вели дека како воен или обранбен сојуз НАТО има превисоки стандарди во овие

области. Некои набљудувачи велат дека прагот е премногу висок. Сепак, демократските вредности и принципите, како и стандардите кои одат со нив се суштината на сојузот. Тие се идентитетот како и солидарноста и кохезијата. Една од целите на Алијансата и проширувањето на Алијансата е да се прошири зоната на стабилност. Затоа, императив претставува новите земји членки да се покажат како стабилен и сигурен партнер, а не како потенцијален извор на нестабилност, ниту внатрешна, ниту во нејзините односи со соседите, или пак во однос на организираниот криминал.

Кога говориме за заслугите на секоја земја кандидат, ние поставуваме две основни прашања, што и носат на колективната безбедност земјите апликанти и колку се нивните основи демократски. Не се прават калкулации со математичка прецизност, туку политички проценки од страна на сите 26-те земји членки.

Знам дека неодамна беше американскиот амбасадор во НАТО кој даде некои негативни вести за вашата перспектива. Не е на мене да ги коментирам овие проценки, ниту пак не знам дали тие се подржуваат од сите сојузници. Сепак, во Алијансата има консензус и мислам дека подобро е сега да се слушнат лошите вести, а не подоцна. Верувам дека треба да се реагира соодветно и да се прифати критиката на соодветен начин и да се преземе акција да се донесат соодветни одлуки. Потребните промени можат да дојдат од самата земја. Ние можеме да ви дадеме помош, меѓутоа, ние не можеме да ги замениме вашите напори. Ова тело може исто така да ги подржи и одговорностите, со тоа што ќе и даде енергија на Владата да продолжи со потребните реформи, но исто така и преку усвојување на потребната легислатива. Заедничката работа ќе му покаже на надворешниот свет дека внатрешните разлики и потреби соодветно се третираат и на демократски начин.

Собранието на НАТО секогаш им помагал на тие што го подржувале проширувањето на НАТО. Сепак, парламентите се тие кои треба да ги покажат очекувањата на јавноста и да ја дадат соодветната подршка.

Оптимист сум дека во Букурешт, во април 2008 година, нашите влади ќе ја донесат вистината одлука. Мојот оптимизам се заснова само врз напредокот на трите земји од Јадранската повелба, исто така и од стратешкото значење на натамошното проширување. Членството во НАТО ќе претставува чекор напред во опхакањето на овој регион во рамките на евроатланските институции. Тоа исто така ќе претставува и поттик на вашите соседи, Србија и Босна и Херцеговина кои ќе останат последниот дел во балканскиот мозаик.

Претходните две фази на проширувањето покажаа дека членството во Алијансата влијаат стабилизирачки во еден регион кој што се уште останува кревок и каде се уште постои потенцијал за нестабилност. Тоа ме носи до прашањето за Косово, како што се приближуваме до 10 декември, влегуваме во еден период на несигурност и можна опасност во однос на тоа што ќе се случи понатаму. Ние се соочуваме со две непознаници. Што ќе се случи во Србија доколку Приштина направи едно страно прогласување на независноста и што ќе се случи со Косово, доколку не го направи тоа. Тоа е една кревка, една сериозна ситуација за сите нас и за нашите сили во КФОР. Ние не можеме да си дозволиме натамошно насилство или враќање на овој регион во етнички судири.

Влијанието што оваа змеја може да го изврши врз овие настани, од огромно значење, господине претседавач, јас сум убеден дека вашата земја ќе ги направи потребните напори за да ја добие подршката на 26-те сојузници. Потребните промени нема да бидат лесни. Меѓутоа, одговорноста лежи тука.

Јас сум убеден, доколку ја покажете истата заложба од минатото дека ќе успеете. Во интерес на сите е тоа да го направите. Само кога вие и целиот регион ќе бидете целосно интегрирани во евроатланското семејство, ќе можете да уживате потполна безбедност и стабилност.

Благодарам дами и господа.

(Аплауз)

(Седницата заврши во 13,31 часот)